Врз основа на член 107 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 38. седница одржана на 27.1.2020 година, го донесе следниов

**П Р А В И Л Н И К**
**за работата и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

**Предмет на уредување**
**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат работата и месечниот надомест на овластеното лице за прием на пријави на корупција (во натамошниот текст: овластено лице) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Работа**
**Член 2**

Работата на овластеното лице опфаќа прием на пријави, водење постапка, преземање мерки, водење евиденција, известување и поднесување извештај до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот).

Овластеното лице ја врши работата од став 1 на овој член согласно со овој Правилник и Законот за високото образование.

**Опфат на лица**
**Член 3**

Пријава за корупција, во согласност со овој Правилник, може да се поднесе против лице вработено на Универзитетот и на единиците во неговиот состав (факултетите и научните институти), трговските друштва основани од Универзитетот и единиците, студентите од трите циклуси на студии, како и секое друго лице кое учествува во реализацијата на високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност.

**Корупција**
**Член 4**

Под корупција, во смисла на овој Правилник, се подразбира намерно делување на лице од член 3 од овој Правилник, кое директно или преку посредник, бара, ветува, прима или дава корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува спротивно на своите обврски или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на работ-ните обврски и други работи утврдени со закон.

**Избор**
**Член 5**

Овластеното лице се избира заради поефикасно спречување и заштита од корупција.

Овластеното лице се избира од страна на Сенатот, од редот на редовните професори.

**Мандат**
**Член 6**

Мандатот на овластеното лице е 3 години, со право на уште еден избор.

**Отчетност**
**Член 7**

Овластеното лице најмалку двапати годишно доставува извештај за својата работа до Сенатот на Универзитетот.

Извештајот содржи податоци за бројот на поднесените пријави и спроведените постапки, резултатите од нив, како и предлог на мерки и политики насочени кон сузбивање на корупцијата.

**Надоместок**
**Член 8**

Месечниот надоместок на овластеното лице се определува од страна на Сенатот, со посебна одлука, и тој не може да биде повисок од една просечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година.

**ПРИЈАВИ ЗА КОРУПЦИЈА**

**Подносители на пријави за корупција**
**Член 9**

Секое физичко и правно лице (во натамошниот текст: подносител на пријава) може да поднесе пријава за корупција против лицата наведени во член 3 од овој Правилник.

Подносителот на пријавата не смее да биде повикан на одговорност, ниту да трпи какви било штетни последици поради поднесувањето на пријавата и изнесувањето на ставови и мислења, освен ако со тоа не е сторено кривично дело.

**Поднесување пријави за корупција**
**Член 10**

Пријавата за корупција (во натамошниот текст: пријавата) се поднесува писмено или усно на записник.

Пријавата за корупција може да се поднесе најдоцна до истек на една година од кога е сторено делото што се пријавува.

Пријавата се поднесува писмено во електронска или материјална форма на електронското сандаче на овластеното лице, односно во архивата на Универзитетот.

Пријавата може да се поднесе поединечно или групно.

Во случај кога пријавата е поднесена од две или повеќе лица, подносителот определува заеднички претставник, во спротивно, тоа ќе го стори овластеното лице.

За пријавата не се плаќа административна такса.

**Член 11**

Ако пријавата е поднесена против лице кое не е опфатено со одредбата од членот 3 од овој Правилник, се евидентира во евиденцијата, без одлагање се доставува до надлежен орган и се известува подносителот на пријавата.

Секој поднесок кој има елементи на пријава или пријавување на корупција се смета за уредна пријава согласно со одредбите од овој Правилник.

**Содржина на пријавата**
**Член 12**

Пријавата содржи назив на институцијата, односно Универзитет „Св. Кирил и Методиј", со назнака дека е за лицето за прием на пријави за корупција, личното име на лицето против кое се поднесува пријавата, опис на дејствието што го извршило лицето согласно со член 4 од овој Правилник, докази, лично име и потпис на подносителот, како и контакт-адреса и/или телефон.

**Дополнување на пријавата**
**Член 13**

Кога наводите во пријавата се нецелосни или нејасни, овластеното лице може да побара од подносителот на пријавата дополнување, допрецизирање или појаснување на пријавата.

Подносителот на пријавата е должен да постапи по барањето на овластеното лице во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од овластеното лице.

Доколку во рокот од став 2 на овој член подносителот на пријавата не ги достави потребните дополнувања, ќе се смета дека пријавата е повлечена.

**Уписник**
**Член 14**

Пријавата се заведува во посебен уписник што го води овластеното лице.
Подносителот што сака да остане анонимен се заведува во уписникот со посебна шифра.

## ПОСТАПКА И ОДЛУЧУВАЊЕ

**Соработка со единиците**
**Член 15**

Овластеното лице има право да се обрати до раководителот на единицата на лицето против кого е поднесена пријава, со цел да се добијат податоци потребни за постапување по пријавата.

Единицата е должна во рокот што ќе го определи овластеното лице да достави информација во врска со наводите во поднесената пријава.

Личното име на подносителот на пријавата не се соопштува на единицата, освен доколку тоа го бара подносителот, согласно со Законот за заштита на укажувачите.

Доколку единицата не ја достави бараната информација од став 2 на овој член, овластеното лице може тоа да го објави на веб-страницата на Универзитетот.

Универзитетот е должен да ја изврши објавата од став 4 на овој член во рок од 3 дена од приемот на барањето на овластеното лице.

**Враќање на пријавата**
**Член 16**

Доколку пријавата не се однесува на некое од лицата од член 3 од овој Правилник, овластеното лице со известување ја враќа на подносителот на пријавата.

**Постапка по пријавата**
**Член 17**

Заради собирање на информации и докази врзани со пријавата, овластеното лице може да бара потребни информации и списи од единиците на Универзитетот и од други надлежни државни органи, како и да го повика подносителот на пријавата, пријавеното лице или други лица како сведоци кои може да дадат информации за пријавениот случај. По потреба, овластеното лице може да изврши увид во потребната документација.

Пријавеното лице не е должно да се јави лично, но може да поднесе писмена изјава и да презентира, односно да предложи докази и факти во своја одбрана. На информативниот разговор со овластеното лице, пријавеното лице може да дојде со адвокат како бранител или со друго лице од доверба.

За потребите на одбраната, пријавеното лице може да изврши увид во списите и доказите поднесени против него и има право непречено да се изјасни по однос на нив.

**Известување за сторено дејствие**
**Член 18**

Доколку овластеното лице утврди дека се сторени дејствијата од членот 4 од овој Правилник, за тоа ги известува матичната единица, лицето против кого е поднесена пријавата и подносителот на пријавата.

Известувањето ги содржи личното име на лицето против кого е поднесена пријавата, опис на стореното дејствие/ја од член 4 од овој Правилник, образложение за решавачките факти и докази дека лицето го сторило дејствието од член 4 на овој Правилник, укажување за преземање мерки и активности за конкретното лице, како и мерки и активности кои треба да ги преземе за спречување на соодветното коруптивно дејствие во иднина, правна поука.

**Известување дека дејствието не е сторено**
**Член 19**

Доколку овластеното лице утврди дека не се сторени дејствијата од членот 4 од овој Правилник, за тоа ги известува матичната единица, лицето против кого е поднесена пријавата и подносителот на пријавата.

Известувањето ги содржи личното име на лицето против кого е поднесена пријавата, образложение за решавачките факти со кои се докажува дека лицето не го сторило дејствието, односно не се докажува дека лицето го сторило дејствието од член 4 на овој Правилник, правна поука.

**Приговор**
**Член 20**

Подносителот има право на приговор во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од член 16 од овој Правилник. Против известувањата од членовите 18 и 19 од овој Правилник, право на приговор имаат подносителот на пријавата, лицето против кого е поднесена пријавата и единицата.

**Надлежен орган за одлучување по приговорот**
**Член 21**

По приговорите од член 20 од овој Правилник одлучува Ректорската управа на Универзитетот.

Приговорот се поднесува до Ректорската управа.

Ректорската управа одлучува по приговорот на првата наредна седница.

Прва наредна седница се смета седницата за која од денот на приемот на приговорот до нејзиното одржување не се поминати помалку од 15 дена.

**Одлуки по приговорот**
**Член 22**

Ректорската управа може да го отфрли приговорот ако е неблаговремен или е поднесен од неовластено лице, да го одбие како неоснован или да го усвои и да го врати повторно на разгледување и одлучување на овластеното лице.

Одлуката на Ректорската управа е конечна.

**Неизвршување на конечна одлука на Ректорската управа**
**Член 23**

Ако единицата и лицето против кое е поднесена пријавата не ја извршат конечната одлука на Ректорската управа, овластеното лице тоа го објавува на веб-страницата на Универзитетот.

Универзитетот е должен да го изврши објавувањето во рок од 3 дена од приемот на барањето за објавување на овластеното лице.

**Јавно објавување**
**Член 24**

Овластеното лице е должно по конечноста на постапката своите укажувања да ги објави на веб-страницата на Универзитетот.

Универзитетот е должен да го изврши објавувањето во рок од 3 дена од приемот на барањето за објавување на овластеното лице.

**Известување до надлежни органи**
**Член 25**

Доколку лицето при водењето на постапката утврди дека постојат индиции за сторени казниви дела, должен е за тоа да ги извести соодветните државни органи надлежни за водење на тие постапки, како и Сенатот на Универзитетот.

**Информирање на подносителот на пријавата**
**Член 26**

Овластеното лице е должно да го информира подносителот на пријавата за преземените мерки и активности во врска со пријавата најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на пријавата.

**Рок за завршување на постапката**
**Член 27**

Овластеното лице е должно да ја заврши постапката во рок од 60 дена од денот на приемот, односно комплетирање на пријавата.

Овластеното лице е должно да ја заврши постапката во рок од 60 дена од денот на приемот на одлуката на Ректорската управа од член 22 од овој Правилник.

**УТВРДУВАЊЕ РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ**

**Член 28**

Врз основа на доставените пријави, овластеното лице изготвува најмалку еднаш годишно анализа со која се утврдуваат ризичните области кои се или можат да бидат потенцијални извори на корупција.

Врз основа на анализата од ставот 1 на овој член, Сенатот донесува Стратегија за ризици за корупција со активности и мерки (акционен план) за отстранување, намалување и сл. на ризиците за корупција.

## ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ

**Основи за престанок на мандатот**

**Член 29**

На овластеното лице му престанува функцијата:

- ако поднесе оставка;
- ако му престане статусот редовен професор;
- ако му престане работниот однос;
- поради смрт;
- поради трајна спреченост да ја извршува функцијата;
- ако му истече мандатот;
- ако биде разрешен;
- во други случаи утврдени со закон.

Во случаите од став 1, алинеи 1-6, Сенатот го констатира престанокот на мандатот и го разрешува овластеното лице. Одлуката на Сенатот е конечна.

**Разрешување**

**Член 30**

Овластеното лице може да биде разрешено:

- ако не ги заштити личните податоци на подносителот на пријавата согласно со прописите за заштита на личните податоци, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на подносителот на пријавата кој барал да биде анонимен;
- ако постапува спротивно на одредбите од овој Правилник;
- во други случаи утврдени со закон.

**Предлог за разрешување**

**Член 31**

Предлог за разрешување може да поднесе единица, член на Сенатот и друг вработен на Универзитетот.

Предлогот треба да биде образложен согласно со условите од член 30 на овој Правилник.

**Надлежен орган**

**Член 32**

По предлогот од член 31 од овој Правилник одлучува Сенатот.

Одлуката на Сенатот е конечна.

## ЕВИДЕНЦИИ

**Содржина на евиденциите**

**Член 33**

Овластеното лице за сите постапки води евиденција.

Евиденцијата се води во уписник, кој е составен дел на овој Правилник.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Влегување во сила**

**Член 34**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во *Универзитетски гласник*.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

**УПИСНИК**

**за евиденција на предмети по пријави на корупција**

| Реден број | Датум на приемот на претставката, односно предлогот | Подносител | | | | Форма на претставката, односно предлогот | | | Предмет | Област | Начин на решавање | | | | | | Постапено | | Организациона единица | Развод | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Физичко | Правно | Анонимна | Други | Усно | Писмено | Електронск | | | Постапено | Непостапен | Препратени | Постапено по | Постапено по | На друг | Во законски | По рок | | Датум | Ознака | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Овластено лице _______________________** **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**